# ЗАКЛУЧОЦИ

## од седница на Извршниот одбор на Фармацевтската комора на Македонија одржана на 2.2.2021 година

На седницата на Извршниот одбор на Фармацевтската комора на Македонија одржана на ден 2.2.2021 година со точка на дневниот ред – бодирање на облици на стручно усовршување во Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите за обновување на лиценцата за работа на здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата ( СЛ. Весник на РСМ бр. 221/2020), свикана и одржана по повод на реакции на висината на бодовите од страна на членовите на Комората од сите територијални единици, донесени се следните заклучоци:

1. На веб – страницата на Комората да се објавуваат акредитираните облици на стручно усовршување со податоци за организаторот, начинот на одржување ( со физичко присуство / во електронска форма и сл..), датум / времетраење на одржување, висината на бодовите со кои е акредитиран обликот, и други важни податоци за целосно и потполно информирање на членството;
2. Во порталот, во листата на акредитираните облици да се внесе информација за висината на бодовите на секој облик на едукација за да биде секој фармацевт информиран за бодовите пред да ја започне едукацијата;
3. Да се информира членството дека бодовите на облиците на стручно усовршување се одредуваат во согласност со критериумите наведени во правилникот што значи дека нема сите идни акредитирани облици поставени на порталот да бидат акредитирани со 0,2 бодови и сл., бодовите за еден облик на стручно усовршување се исти без оглед на тоа дали се одржува со физичко присуство или е поставен на порталот;

4. Целта на цитираниот правилник е подигање на нивото на професионалното усовршување на фармацевтите во зависност од научната основаност и современост на стручното усовршување и информираност за новите светски достигнувања во областа на фармацевтската наука и пракса;
5. Доколку во практичната примена на правилникот не се оствари целта наведена во предходната точка, да се започне постапка на изменување на правилникот во делот на висината на бодовите, критериумите за оценување и сл.,
6. Со преодна одредба ќе се решава прашањето за бодовите за 2020, 2021..година ( во зависност од траењето на пандемијата или други причини).

2.2.2021

Фармацевтска комора на Македонија

Претседател на Извршен одбор,

__________________________________

Проф. Д-р Бистра Ангеловска